20130180665

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27 декември 2012 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ОЧНАТА ХИРУРГИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на очната хирургија („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2011), во членот 2 по табелата се додава следната табела:

Реден број	Шифра	Име на пакет-услуга	Референтна цена
1	ХОМ6	Оперативен зафат кај прематурна ретинопатија со постоперативни контролни прегледи за едно око	225.000
2	ХОМ7	Оперативен зафат кај прематурна ретинопатија со постоперативни контролни прегледи за две очи	305.000
3	ХОМ8	Офталмолошки преглед со мерење на очен притисок, ехо преглед, рефрактометрија, под општа анестезија (се врши најмалку 1 месец по оперативниот зафат кај прематурна ретинопатија)	45.750

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23823/38
27 декември 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски, с.р.